Уп. Бр.08-14/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Линк Мобилити Група АС, со седиште на Универзитетсгата 2, 0164 Осло, Норвешка преку Методија Велков, Адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 26.01.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на **Линк Мобилити Група АС**, со седиште на Универзитетсгата 2, 0164 Осло, Норвешка над друштвото **Мателаб С.р.л.**, друштво со ограничена одговорност со седиште на Виа Рома бр. 6, 23900 – Лекко (ЛЦ), Италија по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 14.12.2021 година а дополнето на 12.01.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Линк Мобилити Група АС, со седиште на Универзитетсгата 2, 0164 Осло, Норвешка, со

која Линк Мобилити Група АС ќе стекне единствена контрола над **Мателаб С.р.л.**, друштво со ограничена одговорност со седиште на Виа Рома бр. 6, 23900 – Лекко (ЛЦ), Италија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Линк Мобилити Груп АС** е акционерско друштво организирано во согласност со законите на Норвешка, регистрирано во Трговскиот регистар на Норвешка под идентификациски број 984 066 910, со седиште на Универзитетсгата 2, 0164 Осло, Норвешка (во натамошниот текст „Линк Мобилити").

Линк Мобилити е еден од водечките снабдувачи во Европа за мобилни известувања и платформи за комуникација како услуги за зголемена инволвираност. Друштвото услужува претпријатија, мали и средни друштва и клиенти од јавен сектор.

Линк Мобилити индиректно има две регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија:

— Трговско друштво Тера Комуникејшс ДООЕЛ Скопје, со адреса на ул. 11-ТИ ОКТОМВРИ, бр.25, канцеларија./705 - кат 7, Центар - Скопје, Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „Тера МК"). Главните активности на Тера МК вклучуваат:

- Услуги на масовно испраќање на СМС пораки (А2П СМС) услуги кои се обезбедуваат на деловни клиенти;
- Премиум СМС/премиум гласовни услуги кои се обезбедуваат на деловни клиенти;
- Посветени веб услуги за промотивни и мобилни маркетинг решенија (вклучувајќи управување со развојот на присуство на интернет и регистрирање на промотивни кодови);
- Б2Б услуги на оператори на мобилна мрежа (ОММ).

— Друштво за услуги РАЗВОЕН ЦЕНТАР НА ЕМАИЛПЛАТФОРМ ДООЕЛ Куманово, со адреса на ул. „100" бр. 59, Куманово, Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „РАЗВОЕН ЦЕНТАР"). Единствената активност на РАЗВОЕН ЦЕНТАР се развојни услуги како што е развој на софтверот на решението SaaS за автоматизација на маркетинг, наречен MarketingPlatformApS (видете https://marketingplatform.com/за повеќе информации) и оперативни услуги за решението MarketingPlatform ApS SaaS, како на пр. компјутерско програмирање, обезбедување квалитет и задачи на обезбедување поддршка,

Приходите на РАЗВОЕН ЦЕНТАР се остваруваат со интрагрупно обезбедување на неговите услуги на МаркетингПлатформ АпС.

**Мателаб С.р.л** (Matelab S.r.l.) е друштво со ограничена одговорност, организирано во согласност со законите на Италија, регистрирано во Трговскиот регистар на Комо-Лекко, со регистарски бр. 03716450139 и со седиште на - Виа Рома бр. 6, 23900 – Лекко (ЛЦ), Италија (во натамошниот текст: „Мателаб"). Мателаб е активно во областа на развој на софтвер, дизајн, претплата и/или инсталација на четбот.

Мателаб С.р.л нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**